**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН СУД НЕГОТИНО**
**Су. 03бр.1/16-2**
**06.04.2016година**
**Неготино**

Согласно чл.88 од Законот за судовите, Претседател на Основниот суд Неготино Ацо Анѓелковски, а имајќи го во предвид делегирањето на нов судија во овој суд од Основниот суд Кавадарци и отсуството од работа на судија Розеана Ѓорѓиева од Неготино поради подолготрајно боледување на ден 06.04.2016 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за**
**ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ ЗА РАБОТА**
**НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СУДОТ И СУДИИТЕ**
**во Основниот суд Неготино за 2016та година**

**Се менува** делот од распоредот за работата на Претседателот на судот и судиите од Основниот суд Неготино за 2016та година кој се однесува на постапување на предметите од страна на судија Розеана Ѓорѓиева – точка 4 од распоредот и гласи:

- Судија Розеана Ѓорѓиева да се отстрани од апликацијата АКМИС за распределување на нови предмети поради нејзино подолготрајно отсуство-боледување на неодредено време, а предметите кои биле распределни на овој судија и истите не се решени да се вратат во кривичниот оддел на овој суд.

- Делегираниот судија од Основниот суд Кавадарци во овој суд, судија Елизабета Петковска да постапува:
- по кривични предмети за полнолетни лица(К)
- по прекршочни предмети(Прк –с, Прк-о, Прк-ј)
- по кривични замолници за полнолетни лица (Зам-к)
- како член во кривичен совет и (КС)
- по прекршочни незавршени предмети прераспределени од Розеана Ѓорѓиева преку прекршочен оддел:
- по кривични незавршени предмети прераспределени од судија Розеана Ѓорѓиева преку кривичен оддел:

Во останатиот дел Годишниот распоред за работата на Претседателот на судот и судиите од Основниот суд Неготино за 2016та година заведен под Су.03бр.1/16 од 04.01.2016 година останува во сила.

Одлуката започнува да се применува од 06.04.2016 година.

Примерок од одлуката да се достави до сите судии, до водителите на писарница, судските соработици и информатичарот.

**Претседател на судот,**
**Ацо Анѓелковски**

ОСНОВЕН СУД НЕГОТИНО
Република Македонија
НЕГОТИНО